Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2019 година

## СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

**I. Реален сектор**

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 7

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз ........ 8

Увоз ........ 9

Салдо на трговска размена ........ 10

Валутна структура ........ 10

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација ........ 11

Приходи по буџетски корисници ........ 12

Буџетски расходи според економската класификација ........ 13

Расходи по буџетски корисници ........ 15

Буџетско салдо ........ 16

**4. Социјален сектор**

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ........ 17

Плати ........ 18

Пензии ........ 18

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари ........ 19

Депозитен потенцијал ........ 20

Кредити на банките ........ 21

Каматни стапки на депозитни банки ........ 21

Пазар на капитал ........ 22

Девизни резерви ........ 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2019 година

- Индустриското производство во јануари 2019 година забележа раст од 12,0% во споредба со јануари 2018 година;
- Потрошувачките цени во јануари 2019 година се зголемија за 1,2% во однос на јануари 2018 година, по растот од 0,9% во декември 2018 година;
- Во јануари 2019 година извозот забележа пад од 1,9%, а увозот раст од 1,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 11,5%, споредено со истиот месец од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2019 година изнесуваа 14.925 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 12,0% во однос на јануари 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2019 година изнесуваа 15.633 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што е за 12,2% повеќе во однос на јануари 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во јануари 2019 година се зголемија за 7,8% во споредба со јануари 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,6%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јануари 2019 година забележа раст од 12,0% во споредба со истиот месец претходната година. Растот главно се должи на позитивните движења во секторот Снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација, каде што е забележан раст од 50,8% и придонес од 6,2 п.п., а истиот е поттикнат со растот во секторот Преработувачка индустрија, каде што е забележан раст од 4,0% и придонес од 3,1 п.п.. Во рударскиот сектор е забележан пад од 2,2% и негативен придонес од 0,2 п.п. по петмесечниот период на позитивна промена.

Раст на производство во јануари 2019 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 56,8% во структурата на вкупното производство, што укажува на тоа дека раст главно бележат гранките со повисоко учество во структурата. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, најголем придонес во јануари 2019 година е забележан кај производството на моторни возила од 38,6% и придонес во вкупното производство од 3,8 п.п.. Производството на машини и уреди како гранка со значително учество во структурата, во јануари

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација
2 - Производство на моторни возила
3 - Производство на тутунски производи
4 - Производство на машини и уреди
5 - Производство на метали

Извор: ДЗС.

2019 година бележи раст од 21,8% и придонесува со 2,1 п.п. во вкупниот раст. Производството на прехранбени производи во јануари 2019 година е непроменето, со што е ставен крај на постојаниот раст од седум месеци по ред. Во јануари 2019 година е забележан особено висок раст кај производството на тутунски производи од 181,2%, а неговиот придонес во вкупното индустриско производство изнесува 2,6 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во поглед на поделбата според наменски групи, раст е забележан во групите Енергија од 44,6% (придонес од 6,3 п.п.), Капитални производи од 15,7% (придонес од 3,5 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 23,7% (придонес од 0,7 п.п.), додека пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,1% (придонес од -1,0 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,1% (придонес од -0,3 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јануари 2019 година е зголемен за 1,2% во однос на јануари 2018 година. Растот се должи на зголемениот број работници во сите сектори, и тоа Преработувачка индустрија од 1,3%, Рударство и вадење камен од 1,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,2%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2019 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите Капитални производи од 16,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,8%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 3,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,9% и Енергија од 0,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јануари 2019 година е понеповолна споредено со претходниот месец, а поповолна во однос на јануари 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јануари изнесува 68,2%, што претставува намалување во однос на декември 2018 година, кога изнесувало 68,8%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,7 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јануари имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 28,7%, недоволната домашна побарувачка со 15,5%, недоволната странска побарувачка со 15,3%, неизвесното економско окружување со 8,9%, финансиските проблеми со 8,7%, недостигот на суровини со 6,6% и конкурентниот увоз со 6,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јануари 2019 година во однос на претходниот месец е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на декември 2018 година, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2019 година издадени се вкупно 307 одобренија за градење, што претставува годишен раст од 62,4%. Во однос на декември 2018 година, бројот на издадени одобренија за градење се зголеми за 5,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2019 година споредено со истиот месец од 2018 година бележи раст од 68,1%. Вредноста на објектите во однос на претходниот месец е намалена за 52,4%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 157 (или 51,1%) се наменети за објекти од

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

високоградба, 59 (или 19,2%) за објекти од нискоградба и 91 (или 29,7%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 307 издадени одобренија за градба, на 175 објекти (или 57,0%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 132 објекта (или 43,0%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јануари 2019 година предвидена е изградба на 810 станови, со вкупна корисна површина од 60.233 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен двократно, а трикратно во однос јануари 2018 година.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јануари 2019 година се зголемија за 1,2% во однос на јануари 2018 година, по растот од 0,9% во декември 2018 година.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јануари се зголемија за 2,0% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во јануари 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,8% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 2,9%, Рекреација и култура од 2,6%, Ресторани и хотели од 2,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,3%, Облека и обувки од 0,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2% и Останати стоки и услуги од 1,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во јануари 2019 година е регистриран во категориите Транспорт од 2,9%, Комуникации од 1,2% и Образование од 0,5%.

Потрошувачките цени во јануари 2019 година се намалени за 0,1% во однос на претходниот месец. Притоа, намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Транспорт од 2,4%, Облека и обувки од 1,9%, Комуникации од 1,7%, Ресторани и хотели од 0,8%, Образование од 0,5% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Здравје од 0,9%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,5% и Рекреација и култура од 0,2%. Цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици останаа непроменети.

Цените на мало во јануари 2019 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 0,7%, а на месечна основа се намалени за 0,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јануари 2019 година во однос на претходниот месец бележи раст од 5,0% и изнесува 59,3 долари за барел. На годишна основа, цената на нафтата опадна за 14,1%. Цената на природниот гас во јануари 2019 година споредено со јануари 2018 година се намали за 6,0%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во јануари 2019 година се тргуваше со просечна цена од 11.523 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на декември 2018 година бележи зголемување на цената од 6,3%. Споредено со истиот месец од 2018 година, цената на никелот се намали за 10,4%. Покрај никелот, цените на калајот и оловото исто така бележат месечен раст на цената од 6,2% и 1,3%, соодветно. Останатите основни метали во јануари 2019 година споредено со претходниот месец бележат намалување на цените. Така, цената на алуминиумот се намали за 3,5%, на бакарот за 2,2% и на цинкот за 1,8%. На месечна основа, цената на железната руда во јануари се зголеми за 10,1%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Благородните метали во јануари 2019 година во однос на декември 2018 година исто така бележат раст на цените. Така, цената на

среброто порасна за 5,8%, на златото за 3,3% и на платината за 2,0%. Цената на пченицата на светските берзи во јануари на месечна основа се намали за 0,7%, а цената на пченката за 0,4%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во јануари 2019 година изнесува 984,7 милиони евра и е на исто ниво во однос на јануари претходната година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2019 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Северна Македонија со Европската Унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,9%, што претставува намалување за 1,6 п.п. во однос на јануари 2018 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2019 година изнесува 415,1 милион евра и бележи пад од 1,9% (8,2 милиона евра) во однос на јануари претходната година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 22,9%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2019 година извозот бележи пад од 13,8% (66,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 0,1%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во јануари 2019 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,3% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во јануари 2019 година споредено со истиот месец од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи пад од 1,5% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 19,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 84,9% и 8,1% соодветно.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во јануари 2019 година изнесува 569,6 милиони евра и бележи раст од 1,4% (7,8 милиони евра) во однос на јануари 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 4,6%.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2019 година увозот бележи пад од 13,7% (90,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 2,7%.

**Графикон 2.4:**Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1 Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2018 | I - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,3 | 9,2 | -6,2 | -40,3 |
| Мил. ЕУР | 5,2 | 5,0 | -0,2 | -4,0 |
| Мил.$ | 6,3 | 5,7 | -0,6 | -10,1 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2018 | I - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 68,5 | 80,7 | 12,2 | 17,9 |
| Мил. ЕУР | 36,0 | 39,7 | 3,7 | 10,4 |
| Мил.$ | 43,8 | 45,3 | 1,5 | 3,4 |

*)Претходни податоци



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2018 | I - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,4 | 1,1 | -0,3 | -21,0 |
| Мил. ЕУР | 95,0 | 88,8 | -6,2 | -6,5 |
| Мил.$ | 116,0 | 101,4 | -14,6 | -12,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2018 | I - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,9 | 2,0 | 0,1 | 6,7 |
| Мил. ЕУР | 14,8 | 16,6 | 1,7 | 11,8 |
| Мил.$ | 18,1 | 18,9 | 0,8 | 4,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2018 | I - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 66,1 | 35,8 | -30,4 | -45,9 |
| Мил. ЕУР | 38,9 | 27,8 | -11,0 | -28,4 |
| Мил.$ | 47,8 | 31,8 | -16,0 | -33,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2018 | I - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 75,1 | 49,1 | -26,0 | -34,6 |
| Мил. ЕУР | 40,3 | 25,9 | -14,4 | -35,7 |
| Мил.$ | 49,4 | 29,6 | -19,8 | -40,1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 11,5% односно 16,0 милиони евра споредено со јануари минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и намалувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2019 година, 91,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Јужна Африка и Кина, а потоа следуваат Турција, Србија, Италија, Полска, Украина и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 84,7% од трговската размена во јануари 2019 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2018 година претставува намалување за 2,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,9% и 79,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,8 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 3,0 п.п. во однос на јануари 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - 2018 | | | | | I - 2019 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 315,1 | 462.955.076 | 61,5111 | 28.476.875.962 | 82,4 | 275,3 | 452.241.340 | 61,5061 | 27.815.601.059 | 79,4 | -10.713.736 | -2,3 |
| УСД | 67,8 | 115.204.380 | 50,4967 | 5.817.441.018 | 16,8 | 125,0 | 127.263.857 | 53,8762 | 6.856.492.993 | 19,6 | 12.059.477 | 10,5 |
| ГБП | 0,4 | 1.827.883 | 69,5976 | 127.216.249 | 0,4 | 0,4 | 1.915.797 | 69,3402 | 132.841.768 | 0,4 | 87.915 | 4,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 383,2 | | | 34.421.533.228 | 99,2 | 400,7 | | | 34.804.935.819 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 384,1 | | | 34.557.736.798 | 100,0 | 401,6 | | | 35.037.732.789 | 100,0 | | 1,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2019 година изнесуваа 14.925 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 12,0% во однос на јануари 2018 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 8.548 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 5,8%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 4.165 милиони денари, што претставува зголемување за 1,8% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 48,7%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 6.398 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 2.234 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,9%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 14,8% споредено со истиот период во 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува пониско остварување за 1,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 16,2%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Акцизите се остварени во износ од 1.873 милиони денари (учество од 21,9% во даночните приходи), што претставува зголемување од 3,0%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 6.038 милиони денари, што претставува 70,6% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 1.174 милиони денари и забележуваат раст од 13,8% на годишна основа, при што 64,2% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 11,5% од приходи од игри на среќа, 5,8% од приходи по основ на договор за дело и 5,7% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот на добивка во оваа година изнесуваа 841 милион денари и забележаа поголемо остварување за 30,2% во однос на истиот период претходната година, што е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 35,1%),.

Приходите од царина се остварени во износ од 454 милиони денари и забележаа зголемување од 2,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 41 милион денари забележаа пониско остварување за 6,8% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 4.012 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,7% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 4,8%, кај придонесите за вработување за 3,6% и придонесите за здравствено осигурување за 4,6%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 1.984 милиони денари и во однос на јануари 2018 година забележаа повисоко остварување од 123,9% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 114 милиони денари, што е зголемување од 31,0% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 184 милиони денари и се намалени за 43,2% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во јануари 2019 година изнесуваат 10.818 милиони денари, односно 93,6% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 6,8% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 78,1% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата во јануари 2019 година изнесува 7,1% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 1.826 милиони денари, што претставува 9,6% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука, чии приходи изнесуваат 186 милиони денари, односно 1,6% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (76,9%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Министерството за финансии оствари приходи во износ од 144 милиони денари, што претставува 1,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на задолжување од странство во вкупните приходи учествува со 43,6%, а изнесува 63 милиони денари односно 8,9% од годишниот план за 2019 година. По однос на трансфери и донации остварени се приливи во износ од 62 милиона денари, што претставува 12,9% од планираните средства за 2019 година на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,5% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кои во јануари 2019 година изнесуваат 6.354 милиони денари и претставуваат 8,8% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 2.296 милиони денари, односно 7,5% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во јануари остварила приходи во висина од 172 милиона денари, што претставува 5,9% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2019 година изнесуваа 15.633 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што е за 12,2% повеќе во однос на јануари 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 15.351 милион денари учествуваа со 98,2% и се зголемени за 12,5% во однос на јануари 2018 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 2.204 милиони денари што претставува зголемување за 2,2% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 944 милиони денари и споредено со јануари 2018 година забележаа зголемување од 40,7%.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 10.828 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 7,7% споредено со јануари 2018 година и истите учествуваа со 69,3% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 8.722 милиона денари, забележаа раст од 9,2% и учествуваа со 55,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 5.442 милиона денари, што е зголемување за 9,5% споредено со јануари 2018 година и учествуваат со 34,8% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 12,7%, односно забележаа поголема реализација за 1,6%, а се реализирани во износ од 1.992 милиона денари. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.374 милиони денари забележаа зголемување од 4,6%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 427 милиони денари што е намалување од 7,6% споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.375 милиони денари, што е за 79,0% повеќе во споредба со јануари 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 20,4%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 168,1%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 282 милиона денари со структурно учество од 1,8% во вкупните расходи, односно забележаа пониска реализација за 0,4% во споредба со јануари 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 81,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во јануари 2019 година реализираше 3.498 милиони денари или 7,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 2.473 милиони денари или 8,2% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 20,1% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 6,9% (705 милиони денари) од планираните за 2019 година.

Во јануари 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[1] реализирани се 2.106 милиони денари, што претставува 6,3% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 73,9% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во јануари се потрошени 1.557 милиони денари, односно 9,5% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 15,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 324 милиони денари или 3,5% од планираното.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во јануари 2019 година изврши буџетски средства во износ од 1.551 милион денари, што е 5,9% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (76,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 1.190 милиони денари или 8,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 18,2%, за што се потрошени 282 милиона денари, односно 7,7% од вкупно предвидените средства за тековната година.

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Во јануари 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 1.044 милиони денари, што претставува 9,5% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 59,0%, за што се потрошени 616 милиони денари или 8,0% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 35,7%, за што се реализирани 373 милиони денари или 18,5% од годишниот план.

Министерството за одбрана во јануари 2019 година изврши буџетски средства во износ од 504 милиони денари, што е 6,1% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 62,5%, за што во јануари реализирани се 315 милиони денари, што претставува 7,9% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 23,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 118 милиони денари, односно 6,0% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во јануари 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 278 милиони денари, што е 4,3% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 69,2%, за што се потрошени 192 милиона денари или 6,7% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 28,0% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 78 милиони денари, односно 3,4% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во јануари 2019 година реализираше средства во износ од 121 милион денари, што е 1,7% од вкупниот буџет за тековната година. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 76,6% и за оваа намена извршени се средства во износ од 92 милиона денари. Реализацијата на капиталните расходи во јануари изнесува 0,3% од предвиденото (16 милиони денари), а учествуваат со 13,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7 милиони денари, што претставува 0,1% од планираните средства за тековната година. За плати и надоместоци, кои учествуваат со 93,5% во вкупните расходи, во јануари 2019 година реализирани се 6,6% од планираните средства. За субвенции и трансфери, во јануари извршени се 0,1 милион денари.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во јануари 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 708 милиони денари, што претставува 0,1% од БДП.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – декември 2018 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 205.358 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 10,9% во однос на истиот период од 2017 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 42,1% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во декември 2018 година 19,0% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во декември 2018 година изнесува 184.683, од кои 94.721 се активни баратели на работа, а 89.962 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,7%.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од невработените лица (66,1%) се градско население, а според половата структура 56,8% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 59,3% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 27,1% се со завршено средно образование, додека 13,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 46,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 53,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 7,9% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во декември 2018 година оствари годишен раст од 8,1%, а во однос на претходниот месец е повисока за 5,0%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (28,0%), Уметност, забава и рекреација (24,3%) и Рударство и вадење камен (20,9%). Реалните плати во декември забележаа годишен раст од 7,2%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во декември 2018 година оствари годишен раст од 7,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 4,7%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (27,1%), Уметност, забава и рекреација (20,4%) и Рударство и вадење камен (19,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 6,7%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во јануари 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 315.034 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е понизок за 746 лица. Од вкупниот број пензионери, 64,7% се корисници на старосна пензија, 24,0% се корисници на семејна пензија и 11,3% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во јануари 2019 година изнесува 14.412 денари и е за 3,5% повисока во однос на истиот месец минатата година[2]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,9%.

Просечната старосна пензија во јануари изнесува 15.705 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.052 денара, а просечната семејна пензија 11.561 денар. За исплата на пензиите во јануари 2019 година се потрошени 4.458,71 милион денари, што претставува 51,1% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во јануари 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,50%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во декември 2018 година. Ваквото намалување е резултат на здравите економски основи, без присуство на нерамнотежи во економијата, видливо преку стабилните инфлациски остварувања и натамошните поволни движења на девизниот пазар. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (јануари 2019 година)




Извор: НБРСМ.

## Примарни пари

Во јануари 2019 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 20,6% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 10,2% и вкупните ликвидни средства на банките од 28,3%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 2,0%, како резултат на намалување на вкупните ликвидни средства на банките за 1,3% и на готовите пари во оптек за 2,8%.

[2] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

## Депозитен потенцијал[4]

Вкупните депозити на банките во јануари 2019 година регистрираа пад од 0,8% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 3,0%, а депозитите на домаќинствата за 0,5%.

Од аспект на валутата, во јануари 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 2,2%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 1,4%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2019 година оствари раст од 10,6% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 11,5% и 9,3%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 8,0%, а депозитите на домаќинствата од 9,3%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 7,3%, а долгорочните депозити за 10,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,1%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2019 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **372.090** | **-0,8%** | **10,6%** |
| Денари | *220.032* | -2,2% | 11,5% |
| Странска валута | *152.058* | 1,4% | 9,3% |
| Краткорочни | *165.542* | 0,9% | 7,3% |
| Долгорочни | *103.614* | 0,6% | 10,7% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **319.644** | **-0,8%** | **7,8%** |
| Денари | *189.517* | -1,2% | 10,0% |
| Странска валута | *130.128* | -0,2% | 4,8% |
| Краткорочни | *59.846* | -3,4% | 7,9% |
| Долгорочни | *239.888* | -0,4% | 9,0% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *16.910* | 2,7% | -5,2% |

Извор: НБРСМ

[4] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

## Кредити на банките

Во јануари 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,8% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во јануари 2019 година кредитите кон претпријатијата се намалија за 1,9%, додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,5%. Од аспект на валутата, во јануари 2019 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа пад од 1,2%, додека девизните кредити се намалија за 0,2%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во јануари 2019 година вкупните кредити се зголемија за 7,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,9% и на кредитите кон претпријатијата од 5,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,0%, а кредитите во странска валута за 4,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,0%, а краткорочните кредити од 7,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,30%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,77%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п на месечно ниво и изнесува 4,72%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јануари 2019 година изнесува 1,42% и е зголемена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 1,95%, а каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 0,80%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јануари 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 24,6% на месечно ниво, како резултат на падот кај јавните понуди на хартии од вредност.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2019 година изнесуваше 489,3 милиони денари и истиот е намален за 13,4% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јануари 2019 година изнесуваше 3.617,84 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,3%, а во однос на истиот месец претходната година за 28,1%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2019 година изнесуваа 2.877,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 0,4%, а во однос на јануари 2018 година за 11,6%.